**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр.11-134/3**
**01.04.2024 год.**
**Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23) ја издава следната

## П О Т В Р Д А
**за заверка на одобрена проектна програма**

Се одобрува Проектна програма за изработка на Урбанистички проект за градби вон опфат на урбанистички план со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на делови од КП 638 и КП 629 КО Ново Конско, општина Гевгелија.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот ,,Васил Транс Комерц,, дооел с.Негорци преку полномошник ,,Вектор 90,, Томе дооел од Струмица во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.60240) поднесе барање за одобрување на Проектна програма заведено под арх.бр.11-134/1 од 06.03.2024год., за изработка на Урбанистички проект за градби вон опфат на урбанистички план со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на делови од КП 638 и КП 629 КО Ново Конско, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Проектна програма со технички број 015-0103/2024 од март 2024год., изработена од ,,Вектор 90,, Томе дооел од Струмица.
2. Графички приказ на Проектната програма со граница на плански опфат.
3. Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y01116 и Решение УП1-15 1936/2 од 22.03.2016г. издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 08-1793/1 од 13.11.2023година, по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-134/2 од 18.03.2024година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, се одобрува проектната програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov
Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2024.04.02 15:55:26 +02'00'

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk